# КРИТИКИ И ПРИКАЗИ

**Д-р Александар ГРЛИЧКОВ, Европа во очите на комунистите, Скопје, Комунист, 1983, 280.**

Во издание на издавачката дејност на Комунист — Скопје излезе од печат трудот на д-р Александар Грличков, Европа во очите на комунистите. Ова е второ издание на книгата „Европа во очите на комунистите" за првпат објавена во 1977 година. Сега книгата е проширена со статијата „Сојузот на комунистите на Југославија во борбата за развој на социјализмот во светот", објавена во весникот „Комунист" во јануари 1983 година, која, според тематиката и теорискиот став претставува продолжување на текстовите од минатата деценија.

Книгата „Европа во очите на комунистите" содржи цел спектар актуелни прашања на современиот свет и, се разбира, квалификувани оценки за состојбата и односите денес, но и за она што може да се очекува утре.

Трудот е составен од Предговор, во кој авторот укажува дека оваа едиција претставува избор од неговите истапувања во времето од иницирањето на Конференцијата на комунистичките и работничките партии на Европа до првите реагирања на таа конференција по нејзиното одржување на 29 и 30 јуни 1976 година во Берлин. Во погдотовката и издавањето на овој зборник имено се тргнало од намерата, различните текстови собрани на едно место и главно систематизирани по хронолошки ред, да се презентираат на членството на Сојузот на комунистите и на читачката јавност за да добијат, врз основа на нив, увид во основните прашања за кои најмногу станува збор по повод иницирањето а потоа и во текот на целокупните подготовки на таа Конференција, како и во основните определби на Сојузот на комунистите на Југославија во врска со нив. Покрај говорите што ги одржа авторот во својство на шеф на делегацијата на СКЈ на консултативниот и на подготвителниот состанок, даден е поширок избор и на други истапувања (статии, интервјуа и сл.), на кои во согласност со принципот на јавноста во работата во СКЈ, е воден дијалог.

Во книгата „Европа во очите на комунистите" се поместени деветнаесет наслови и резиме на англиски јазик.

Во првиот наслов „Различноста на патиштата во социјализам" се изнесува основниот пристап на Сојузот на комунистите на Југославија кон разгледувањето на пошироките проблеми на Европа и посебно на проблемите на работнич-

кото движење во Европа и кон нивното што поуспешно разрешување. Истакнато е дека изградбата на меѓународните, посебно на политичките и на економските односи, врз принципите на почитување на суверенитетот, рамноправноста, немешањето и уважувањето на заемните интереси, е основен начелен став во сите напори на работничката класа и на прогресивните сили во современиот свет. Активната мирољубива коегзистенција меѓу сите земји, без оглед на разликите во општествените системи, на нивното меѓусебно конструктивно спогодување и договарање, е општествената рамка во која се води класна борба и во која е можно да се остварат целите на општиот напредок. Врз таа основа јакне борбата на работничката класа за социјализам во современите услови.

Што се однесува до различноста на патиштата во социјализам се вели дека тоа е објективна закономерност во процесот на афирмацијата на социјализмот како светски процес. Афирмацијата на социјализмот зависи од тоа во која мера субјективните социјалистички сили секаде во светот ќе бидат подготвени и способни на демократски начин да ги решаваат проблемите на внатрешниот развој и противречностите на меѓусебните односи. Доследната примена на принципите на независноста, рамноправноста, немешањето, почитувањето на суверенитетот и националниот интерес, во современите услови на борбата за социјализам мора да претставуваат основа на односите меѓу комунистичките партии и социјалистичките земји и да му даваат општествена и политичка содржина на пролетерскиот и социјалистичкиот интернационализам.

Насловот „Комунистите и европското утре" зборува за учеството на СКЈ на Консултативниот состанок на европските комунистички партии одржан во Варшава и за реагирањето во светот на донесените заклучоци на варшавскиот собир.

На поврзувањето на комунистите со сите прогресивни сили со цел за јакнење на меѓусебната доверба и соработка на европските земји, а со тоа и за јакнењето на мирот и безбедноста му е посветен третиот наслов на трудот. Предуслови за остварување на горенаведеното се задолжителното обезбедување и остварување на еднакви права на националните малцинства, што претставува важен фактор за зближување на соседните држави и народи; инсистирањето на неповредливост на границите и територијалниот интегритет не може да биде причина или завеса за задушување на правата на националните малцинства, туку обратно, може и треба да биде фактор за зближување и соработка. На ова прашање се проверува и интернационалистичката доследност на комунистичките партии.

За резултатите и целите од Подготвителниот состанок за Конференцијата на европските комунистички и работнички партии, одржан во половината на м. декември во Будимпешта, се зборува во насловот „Консензусот и јавноста — основа за слободна размена на мислењата меѓу комунистичките и работничките партии".

На прашањето на меѓународната солидарност на работничката класа, кое добива сè повеќе во

значењето, и кое претставува мош-не сложен и противречен општествен проблем му е посветен насловот „Смислата и содржината на меѓународната работничка солидарност".

Во шестиот наслов „Националните стратегии на борбата за социјализам не се во спротивност со интернационализмот", покрај другото, се зборува и за тоа дека различноста на патиштата во социјализмот е објективна закономерност во процесот на афирмацијата на социјализмот како светски процес. Новите историски околности, внатрешни и меѓународни, објективно создадоа можност, во борбата за реализација на новите социјалистички револуции, како што е на пример нашата, патиштата и методите да се усогласат со објективните, специфичните историски материјални и други услови. Меѓутоа, иако патиштата на борбата за изградба на социјализам се различни, не значи дека постојат и различни социјализми. Кога ќе прерасне во светски систем, социјализмот ќе биде единствен; во полниот свој развој ќе содржи заеднички определувачки вредности; слободна асоцијација на производителите, заедница на слободни луѓе. На крајот се истакнува дека основата на судирот со Информбирото во 1948 година ја сочинуваше трагањето по нови принципи на заемните односи на комунистичките и работничките партии.

За ангажирањето на Сојузот на комунистите на Југославија во подготовките на Конференцијата на комунистичките и на работничките партии на Европа се зборува во насловот „Во служба на трајниот мир и на социјалниот прогрес на Континентот".

За значењето на националното прашање, како синтеза на националниот интерес во неговиот комплекс, се истакнува во насловот „Националното прашање, комунистичкото и работничкото движење". Овде да се проследени определбите на Маркс, Енгелс, посебно на Ленин за успешно решавање на националното прашање како составен сегмент на борбата на пролетаријатот за сопствено социјално и национално ослободување. Проследено е и значењето на националното прашање во современите услови.

Во насловот „Европа во очите на комунистите" се зборува за едно од најзначајните прашања во целокупното меѓународно работничко движење т.е. за различноста на патиштата во социјализам, почитувањето на националните, историските, развојните, општествените и на другите особености. Ова прашање беше содржано уште во корените на судирот на КПЈ со Информбирото. Ваквата полемика постои и денеска во меѓународното работничко движење и тоа е конфликт меѓу стремежот кој бара единствен модел за сите земји и стремежот секоја земја да оди во социјализмот по свој пат, каков што ѝ налагаат и сопствените состојби.

На подготовките на Конференцијата на комунистичките и на работничките партии на Европа во Берлин и на придонесот на Сојузот на комунистите на Југославија за нејзиното одржување е посветен насловот „Очи в очи". Овда се зборува и за влијанието на Конференцијата за европска без-

бедност и соработка одржана во Хелсинки 1975 година, врз усогласувањето на ставовите на комунистичките и на работничките партии.

Во насловот „Ако не се случило ништо крупно, се случи нешто ново" се зборува за резултатите од одржаната конференција на комунистичките и на работничките партии на Европа, одржана во Берлин на 29 и 30 јуни 1976 година. Меѓу другото таа ѝ даде целосна поддршка на погореспоменатата Конференција за европска безбедност и соработка. Исто така истакнат е придонесот на Берлинската конференција за давањето на нов силен импулс на патот на редаксација, на патот на демократизацијата на односите меѓу комунистичките и работничките партии.

На одразот од влијанието на попуштањето на затегнатоста во меѓународните политички односи врз политичките линии на социјалистите, социјалдемократите и комунистите е посветен дел од трудот со наслов „За соработката и дијалогот меѓу социјалистите, социјалдемократите и комунистите". Попуштањето на затегнатоста ги олабави идеолошките сопирачки, ја потисна политиката на студената војна, отвори можности за дијалог меѓу комунистите и социјалистите и отвори можности на меѓусебната постепена политичка средба и отстранување на меѓусебната недоверба.

На целите на Берлинската конференција е посветен насловот „Стремежот за независност и самостојност на одделни комунистички и работнички партии на Европа повеќе не може да се запре". Истакнато е дека Конференцијата имаше ограничена цел: расправање за проблемите на мирот, безбедноста, соработката и општествениот прогрес на европскиот континент. Вредности од историско значење на Конференцијата беа едногласноста во одлучувањето (консензус) и јавноста во работата кои не се од значење само по тоа што се нови, туку особено затоа што по своето политичко значење претставуваат израз на новите достигања и на новата состојба во односите меѓу комунистичките партии.

Во насловите „Меѓународните политички и економски услови и стратегијата на социјализмот" и „Социјализмот сè повеќе станува неприкосновена определба на политичките сили низ целиот свет" меѓу другото се зборува за тоа дека практиката покажа оти и борбата за изградба на социјализам се остварува во рамките на различни економски и социјални организации на општеството во социјалистичките земји. Авторот повторно се навраќа на резултатите од Берилинската конференција посебно на тоа како се толкувал поимот на пролетерскиот интернационализам. Документот на конференцијата укажува дека содржината на интернационалистичката доброволна соработка (израз со кој се заменува терминот на пролетерскиот интернационализам) ја изразува вкупноста на современите односи и содржината на борбата на социјалистичките сили за социјализам.

Во насловот „Независноста на Југославија зависи од Југославија" се зборува за политиката на неврзаност која повеќе од две децении претставува незаменлива политичка определба на социјалис-

тичка самоуправна Југославија на меѓународен план. Во насловот се зборува и за односите на Југославија со другите земји не би можело воопшто да се нагаѓа. Затоа што, како што вели авторот, таа многу скапо ја платила својата независност и дека таа е исклучително од неа зависи. Овде е дадено и толкување на поимот „еврокомунизам" како решеност на некои комунистички партии во западноевропските земји да ја градат визијата на социјализмот во согласност со постојните национални услови во земјите на развиениот капитализам.

За активноста на СКЈ и неговиот придонес во развојот на рамноправни односи во современиот свет, како во текот на целиот повоен период така и во текот на последните години се зборува во насловот „Револуционерните сили се борат за афирмација на сопствениот идентитет".

Претпоследниот наслов „Националното и интернационалното" му е посветен на едно од најсложените прашања во односот меѓу националното и интернационалното во системот и структурата на односите меѓу работничката класа на одделни народи, меѓу одделни комунистички и работнички партии.

Во последниот наслов „Сојузот на комунистите на Југославија во борбата за развој на социјализмот во светот" меѓу другото се зборува за соработката и дијалогот кој го остварува СКЈ со сите комунистички, работнички, социјалистички, социјалдемократски, со сите прогресивни партии и движења на неврзаните земји и со другите демократски политички сили во светот. Истакнато е дека СКЈ во својата соработка со погореспоменатите партии и движења, не прави разлика меѓу нив според нивната големина, влијание или идејно-политичка ориентација, цврсто придржувајќи се кон востановените принципи за соработка и кон неприкосновеното право на секоја партија да го избере патот на борбата за социјализам и за развој на социјализмот.

На крајот може да се каже дека овој труд претставува доста значаен придонес во проучувањето на состојбите во кои се наоѓа денес работничкото движење.

Кочо СИДОВСКИ

**Христо АНДОНОВ ПОЛЈАНСКИ, Илинден 1903, ед. Незаборавник, Комунист, Скопје 1983, 39.**

Во издание на Комунист, во едицијата Незаборавник, се појави публикацијата за Илинденското востание по повод 80—годишниот јубилеј, што ја подготви Христо Андонов Полјански.

Во почетокот на публикацијата, под наслов: Тито за Илинден и за вековната борба на македонскиот народ, се поместени две честитки на Јосип Броз Тито по повод илинденскиот јубилеј (1978, 1968 г.), како и фрагмент од говорот на Тито на свечената седница на Собранието на СРМ на 2 август 1969 година.